ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETESOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr 03-582/2
16.11.- 2026 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 12 од Законот за заштита од вознемирување на работно место („Сл. весник на РМ“ бр. 79/13 и 147/15), работоводниот орган на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје ја донесе следната

ОДЛУКА

За определување на Листа на посредници кои ќе посредуваат меѓу страните во случај на вознемирување на работно место

Член 1

Се формира листа на посредници од редот на вработените во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, кои ќе посредуваат меѓу страните во случај на вознемирување на работно место, во следниот состав:

1. Дипл.мед.сестра Јасна Велковска-синдикален претставник
2. Дипл.мед.сестра Соња Димовска Куљеван
3. Дипл.мед.сестра Мартина Николовска Здравкоска
4. Дипл.мед.техничар Игор Костадиновски
5. Дипл.мед.сестра Гордана Донинска
6. Д-р Руфије Зибери Рамука
7. Д-р спец.Камелија Донева Симонов
8. Минире Фазлија

Член 2

Посредниците од член 1 на оваа одлука се неутрални лица кои посредуваат меѓу страните со цел за решавање на нивниот спорен однос.

Посредникот е должен да постапува независно и непристрасно на начин за да им помогне на страните да постигнат спогодба.

Посредникот од листата на посредници, не може да биде посредник ако во постапката на посредување е предложен во својство на сведок.

Член 3

Посредникот може да води заеднички или одвоени разговори со страните, како и во согласност со едната страна на другата страна да и пренесе и достави предлог и ставови за одделни прашања.

По потреба, посредникот во текот на постапката може да направи разговори и со лица кои се предложени како сведоци од страна на страните.

Посредникот изготвува извештај за секое преземено дејствие за направените разговори со страните и со сведоците.

Постапката за посредување посредникот треба да ја заврши во рок од 15 дена.

Член 4

Ако постапката за посредување е успешна, односно страните се спогодиле, посредникот во рок од три дена од денот на завршувањето на постапката за посредување изготвува спогодба која содржи препораки за вршителот на вознемирувањето на работно место и за работодавачот, за престанокот на вознемирувањето и за начинот на отстранување на можностите за продолжување на вознемирувањето на работно место, преместување на вработениот во друга работна просторија, односно на друга локација.
Спогодбата ја потпишуваат двете страни и посредникот.
Работодавачот е должен да постапи по препораките од спогодбата.

Член 5

Ако страните во постапката за посредување не постигнат спогодба за престанување на вознемирувањето на работно место, посредникот е должен во рок од три дена од завршувањето на постапката за посредување да изготви писмено известување дека не е постигната спогодба, односно дека посредувањето е неуспешно.
Писменето известување за неуспешно посредување се доставува до двете страни и до работодавачот.

Член 6

Ако во текот на постапката за посредување страните со писмена изјава се откажат од натамошното водење на постапката, посредникот е должен во рок од три дена од добивањето на изјавите да донесе заклучок за запирање на постапката.
Заклучокот посредникот го доставува до двете страни и до работодавачот.

Член 7

За се она што не е опфатено со оваа Одлука, ќе важат одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работно место и Законот за парничка постапка.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:
Дипл.прав.Б.Алексовска

Д.Н.
- именуваните
- архива

ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје
В.Д. Директор
Проф.д-р Катерина Дамевска